ЕСМ ПРОДАЖБА

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ
Бр. 09 - 8791/1
20-03-2024 20 ___ год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 од Законот за јавни набавки (Сл.Весник 24/19) ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК Бр.03-2024**
**за прибирање на понуди за набавка на природен гас**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1.1 Договорен орган по јавен повик бр.03-2024 е ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.11-ти Октомври бр.9, Скопје.

1.2 Предмет на набавката е: природен гас за период од 01.04.2024 до 30.04.2024 година во количина од:

1.2.1 Период: 01.04 – 15.04.2024
Минимален ранг 500 MWh/d
Максимален ранг 850 MWh/d

1.2.2 Период: 16.04 – 30.04.2024
Минимален ранг 0 MWh/d
Максимален ранг 450 MWh/d

Бараните количини за периодот на испорака 16.04.2024 – 30.04.2024 година се со флексибилен датум и флексибилни количини на испорака, со можност за еднодневни еднократни испораки, согласно наведениот ранг.

- Точка на испорака главна мерна станица (ГМС) Жидилово.
- Понудата не е делива.

1.3 Доколку има потреба од поголема или помала количина на природен гас од претходно утврдените минимални и максимални количини на природен гас согласно точка 1.2, со претходна најава да има можност со анекс на договорот да се зголеми или намали минималната и максималната дневна количина на природен гас.

1.4 Огласот е јавен со право на учество на сите домашни и странски правни лица регистрирани за ваква дејност.

1.5 **Рокот за доставување на понуди по јавниот повик бр.03-2024 е на 25.03.2024 година, во период од 10:00 до 11:00 часот на е-маил адреса ponudi@esm-prodazba.mk**

## 2. СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА

2.1 Понудата треба да содржи:

2.1.1 Технички карактеристики:

ЕСМ ПРОДАЖБА

Природниот гас задолжително да биде со следниов квалитет:

**<u>Хемиски состав, mol %</u>**

| | |
|---|---|
| Метан (C1) | минимум 75 |
| Азот (N2) | максимум 6 |
| Јаглерод диоксид (CO2) | максимум 3 |

**Бруто (горна)калориска вредност**

Максимална 13,67 kWh/m3

Минимум 10,17 kWh/m3

**Вобе индекс**

Максимална 16,33 kWh/m3

Минимум 13,07 kWh/m3

**Точка на росење на водата**

Не повисока од минус 8 степени Целзиусови при притисок од 39,2barg

**Температура на природен гас**

од +0° C до +50° C

Горенаведените референтни услови за температура, притисок и влажност што треба да се користат за мерење и пресметки на природен гас се 273,15 K (=0 °C) и 101,325 kPa (=1,01325 бари(апсолутен)) за вистински сув гас.

2.1.2 Изјава од одговорното лице на понудувачот дека во цената се вкалкулирани сите царински давачки, такси и други дополнителни трошоци кои може да произлезат.

2.1.3 Вкупна количина на природен гас која понудувачот ја има обезбедено за потребите на договорниот орган согласно ранговите наведени во точка 1.2, на главната мерна станица Жидилово, за период:

- 01.04.2024 година до 30.04.2024 година/ гас-ден, изразена во мерни единици MWh.

2.1.4 Доказ за закупен капацитет за пренос на природен гас на местото на испорака на главната мерна станица (ГМС) Жидилово.

2.1.5 Единечна цена во ЕУР и мерна единица MWh (EUR/MWh). Пресметката на денарската противвредност на цената од понудата ќе се врши по средниот курс на НБРСМ на датумот на доставување на понудите. Цената е фиксна за целиот период на испорака.

2.1.6 Услови на плаќање:

Во случај условот на плаќање да е авансно плаќање, по склучување на договорот плаќањето ќе се реализира на следниов начин:

2.1.6.1 За целиот период на испорака од 01.04.2024 до 30.04.2024 авансната уплата ќе се изврши најдоцна до 29.03.2024 година на:

ЕСМ ПРОДАЖБА

Минималниот ранг на испорака за периодот 01.04 – 15.04.2024 - 500 MWh/d.

Максималниот ранг на испорака за периодот 16.04 – 30.04.2024 – 450 MWh/d.

2.1.6.2. За периодот 01.04.2024 до 30.04.2024 разликата помеѓу потврдените дневни номинации за соодветен гас-ден и платените дневни количини ќе се плаќаат авансно на дневна основа со динамика Д-2 или Д-1 во зависност од динамиката на дневните номинации.

2.1.7 Динамика на доставување на дневни номинации за потребни количини на природен гас:

- Понудувачот во понудата да наведе една од следните динамики за доставување на дневни номинации: Д-1 или Д-2 дена пред денот на испораката.

2.1.8 Предмет на фактурирање во конечната фактура ќе бидат потврдените дневни номинации по истекот на месецот на испорака.

2.1.9 Начин на обезбедување доколку се бара авансно плаќање:

- Банкарска гаранција или корпоративна гаранција со важност најмалку до 15.05.2024 година.

2.1.10 Изјава од одговорното лице на понудувачот дека е во можност да ги обезбеди наведените количини на природен гас за периодот за кој се дава понудата.

2.1.11 Назив, адреса и седиште на понудувачот.

2.2 Понудувачите ќе ги сносат сите трошоци поврзани со подготовката и доставувањето на нивната понуда и Договорниот орган во ниеден случај нема да биде одговорен или должен за овие трошоци.

## 3. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

Понудите се доставуваат на еден од следниве начини:

- Скенирани оригинали заверени, со печат, потпис од одговорното лице на компанијата на следната е-маил адреса: ponudi@esm-prodazba.mk
- Електронски потпишани понуда и документи од овластено лице на компанијата на следната е-маил адреса: **ponudi@esm-prodazba.mk**

Во случај на прифаќање на понудата, избраниот понудувач е должен во рок од 1 (еден) ден од датумот на добиеното известување за прифатена понуда да ја достави понудата и придружната документација во оригинал.

ЕСМ ПРОДАЖБА

## 4. ПОСТАПКА ЗА ОТВАРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

4.1 Првична понуда:

- Рок на прием на првична понуда е на 25.03.2024 во период од 10:00 до 11:00 часот на на е-маил адреса ponudi@esm-prodazba.mk

4.2 Од понудувачите кои учествуваат на Јавниот повик по доставувањето на првичната понуда ЕСМ Продажба ќе побара да достават подобрена понуда.

4.3 Од понудувачите кои учествуваат на Јавниот повик по доставувањето на подобрената понуда ЕСМ Продажба ќе побара да достават конечна понуда.

4.4 Критериум за евалуација на понудите е најниска единечна цена.

4.5 Доколку се појават понуди со исти цени, избрана ќе биде прводоставената понуда.

4.6 ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје го задржува правото да одбие каква било понуда, да ги прифати или да не ги прифати количините на природен гас поднесени од страна на правниот субјект или да ја откаже постапката за набавка.

**ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ**

ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ СКОПЈЕ